РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

ПРЕДЛАГАЧ:
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ПРЕТСТАВНИЦИ:
-Bilen Saliji, министер
- Оливер Ристовски, заменик министер

ПОВЕРЕНИЦИ:
-
-

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ПРЕСТАНОК НА ВАЖЕЊЕТО НА ЗАКОНОТ ЗА СОВЕТОТ ЗА УТВРДУВАЊЕ НАФАКТИ И ПОКРЕНУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА УТВРДУВАЊЕ ОДГОВОРНОСТ ЗА СУДИЈА

Во скратена постапка

Скопје, септември 2017 година

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ПРЕСТАНОК НА ВАЖЕЊЕТО НА ЗАКОНОТ ЗА СОВЕТОТ ЗА УТВРДУВАЊЕ НАФАКТИ И ПОКРЕНУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА УТВРДУВАЊЕ ОДГОВОРНОСТ ЗА СУДИЈА-во скратена постапка

Член 1

Со влегување во сила на овој закон престанува да важи Законот за Совет за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување одговорност за судија („Службен весник на Република Македонија .бр.20/2015).

Член 2

Со денот на влегување во сила на овој закон им престанува мандатот на претседателот и членовите на Совет за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување одговорност за судија и престанува работниот однос на сите вработени.

Предметите, архивата, стварите, опремата, средствата за работа и другите средства на Совет за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување одговорност за судија, Судскиот совет на Република Македонија е должен да ги превземе веднаш.

Започнатите постапки продолжуваат пред Судскиот совет на Република Македонија, согласно одредбие од Законот за судски совет.

Финансиските обврски настанати од работата на Совет за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување одговорност за судија е должен да ги намири Судскиот буџетски совет.

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.